Трајан ГОЦЕВСКИ

УДК: 331.101.26 : 378 (4-41)

# ПАРАДИГМАТА НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ ВО ТРАНЗИЦИЈА И УЛОГАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО НЕГОВОТО СОЗДАВАЊЕ

***Кратка содржина***

*Дваесет и првиот век, познат како век на знаењето, имплицира дека знаењето се третира како капитал, односно како интелектуална своина на поединецот која има одредена цена на пазарот на трудот. Всушност, концептот на човечкиот капитал, како знаење, во западните економии започнува некаде кон средината на 60-тите години, а кај земјите во транзиција, дури по распадот на социјализмот или со 30 години задоцнување.*

*Современата економска теорија денес, човечкиот капитал го издига високо на пиедесталот на факторите на развојот без кој нема просперитетна развиена функционална пазарна економија потребна на секоја држава и на секој нејзин граѓанин. Зголемувањето на производствените способности на поединецот имаат најголемо влијание врз економскиот растеж. Човечкиот капитал се зголемува во образовниот систем, а со тоа се зголемува и неговиот придонес за економскиот развој. Образовниот систем директно влијае врз развојот на економиите на земјите.*

*Универзитетите денес, треба постојано да ја докажуваат исплатливоста на инвестициите во образованието, пред Владите и пред бизнис заедниците. Да докажуваат дека образованието не е потрошувач и товар на државата, туку напротив, знаењето кое го создава универзитетот е најскап развоен ресурс и економски фактор.*

***Клучни зборови:*** *ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ, РЕСУРСИ, ОБРАЗОВАНИЕ (ЗНАЕЊЕ), ИНВЕСТИЦИЈА, ПОТРОШУВАЧКА, АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИ И КОРИСТИ.*

## 1. Вовед

Со воведувањето на пазарната економија, во земјите во транзиција, постојано почна да се зборува за капитал. Притоа, се мисли на пари, акции, машини, згради, поседи и слично. Секако, сето тоа претставува капитал, кој на сопствениците им носи приход во подолг временски период.

Ние сакаме да укажеме на постоењето и на важноста на еден посебен вид капитал - човечкиот капитал, за кој кај нас сè уште малку се зборува.

Во економската теорија, човечкиот капитал се анализира од два аспекта и тоа: од микроекономски аспект, каде во основа се истражува влијанието на количеството на човечкиот капитал врз заработувачките на поединците, и од макроекономски аспект, каде акцентот е ставен на придонесот на човечкиот капитал врз економскиот развој.

Во услови на функционална пазарна економија, човекот во економските анализи се третира како потрошувач и како производител. Како потрошувач тој го детерминира производството, а со тоа и карактерот и темпото на економскиот развој. Како производител, тој непосредно влијае врз порастот на продуктивноста.

Теоријата за човечкиот капитал настанала како резултат на потребата да се изнајде метод за квантификација на производствените способности на поединецот, односно да се овозможи комплетна квантитативна и квалитативна анализа на човечкиот фактор.

За таа цел, во современата економска анализа е воведена категоријата човечки капитал кој се дефинира како збир на производствени вештини, талент и знаења на поединецот, стекнати преку: образованието, НИР, обуките и искуствата.

Овие елементи на човечкиот капитал ги создава образовниот систем на секоја земја каде пресудна улога имаат Универзитетите.

Поимот човечки капитал е погодно име за човечкиот производствен капацитет, од две причини:

Прво, затоа што поединецот произведува добра и услуги, и овој вид капитал ја „задоволува" основната економска дефиниција на капиталот, како богатство коешто може да биде употребено за производство на друго богатство;

Второ, и за нас поважно е затоа што, производствените способности, односно стекнувањето на човечкиот капитал, како знаење, можат директно да се поврзат со инвестициите во секторот на образованието. Во тој контекст, особено интересни се инвестициите во образованието, НИР и обуките кои директно создаваат производствени вештини и знаење, а столбот на тој процес се Универзитетите.

## 2. Концептот на човечкиот капитал во економската мисла

Економската анализа за човечкиот капитал во западните економии, започнува некаде во почетокот на шеесеттите години, А кај земјите во транзиција, дури по распадот на социјализмот или со 30 години задоцнување. Ренесансата на развојната економска мисла, а со тоа и на концептот на човечкиот капитал, како знаење, започнува некаде кон средината на 60-тите години со трудовите на неокласичните економисти, кои ја започнаа „ерата на човечкиот капитал“. Сметајќи го техничкиот прогрес за ендоген извор на економскиот растеж, тие за пресудна ја нагласија улогата на човечкиот капитал.

Тие заклучија дека без човечки ресурси со квалитативни особини кои се стекнуваат на универзитетите, нема технички и технолошки прогрес, ниту пак развој на економијата. Концептот на човечкиот капитал помага да се решат четирите главни проблеми кои се среќаваат во економските анализи, и тоа: агрегацискиот проблем, инвестициониот проблем, проблемот на развојот и проблемот на сиромаштијата и дистрибуцијата на доходот. Трудот, физичкиот капитал и природните ресурси, се основните конвенционални фактори за производство на добра и услуги. Хетерогеноста е нивната заедничка карактеристика. Оттука и проблемот да се квантифицира и измери хетерогениот збир на добра, од кои овие фактори се составени. Но тоа не важи и за третиот конвенционален фактор - трудот. Работниците не се предмет на купување и продавање на пазарот на трудот, туку на пазарот на трудот се продаваат нивните производствени услуги. За таа цел се користи човечкиот капитал, кој може да ја измери вредноста на производствените услуги на поединецот, односно неговиот производствен капацитет, кој директно е резултат на стекнатото знаење.

Бидејќи многу индивидуални и општествени издатоци се дизајнирани да ја зголемат трудовата производствена способност, преку: образование, НИР, обуките или преку подобрување на здравствената состојба на работниците, се јавува потребата од изнаоѓање методи за анализа и носење на „добри“ инвестициони одлуки во овие области. Токму концептот на човечкиот капитал ја олеснува работата. Тој овозможува апликација на постојните методи и техники кои се користат при инвестиционите одлуки во физичкиот капитал и во инвестиционите одлуки, кои директно влијаат врз количеството на човечкиот капитал на поединецот и општеството. Со други зборови, концептот на човечкиот капитал овозможува инвестициите во човечките ресурси да се третираат исто како и инвестициите во било која друга дејност, односно како капитал кој има своја цена и своја стапка на рентабилност. Познато е дека доколку тру-

дот се третира како хомогена стока, многу тешко може да се откријат изворите на економскиот растеж.

Во истражувања на американската економија, се доаѓа до сознание дека, доколку продуктивноста на трудот се држи на исто ниво (непроменета), тогаш можат да се објаснат само 31% од промените во вкупниот аутпут. Од нив, 15% се припишува на зголемувањето на квантитетот и квалитетот на земјата и физичкиот капитал, а 16% на зголемувањето на квантитетот на трудот, а на унапредувањето на квалитетот на трудот (човечкиот капитал), му придава 38%.

Како и да е, зголемувањето на производствените способности на поединецот имаат најголемо влијание врз економскиот растеж. Човечкиот капитал се зголемува во образовниот систем, а со тоа се зголемува и неговиот придонес за економскиот развој. Образовниот систем директно влијае врз развојот на економиите на земјите.

## 3. Образованието (знаењето) како вид човечки капитал

Во економската теорија образованието се набљудува двострано. Од една страна, образованието се третира од институционален аспект како процес (дејност), при што главниот акцент се става на неговата организациска поставеност и ефикасност.

Од друга страна пак, се третира како еден од облиците на човечкиот капитал, или како активност преку која се стекнуваат знаењата на поединецот и општеството во целина. Во тој контекст, особено се битни инвестициите во образованието, кои по дефиниција претставуваат активности коишто влијаат врз зголемувањето на знаењето, вештините и способностите на поединците, односно врз порастот на нивната продуктивност.

За третманот на знаењето како вид човечки капитал, познатиот американски економист и нобеловец Theodore W. Schullz, ќе рече дека: „образованието е „човечко“, зашто е интегрален дел од човекот, а дека е капитал, зашто претставува извор на идни сатисфакции, заработувачки и приходи“.

Поимот знаење кое се стекнува во образовниот систем, може да го дефинираме во потесна и во поширока смисла. Во потесна смисла, знаењето би го дефинирале како капитал којшто се стекнува во образовните институции, при што, ваквиот вид образование е познато како формално (редовно) образование.

Сфатено во поширока смисла пак, знаењето покрај формалното го опфаќа и знаењето стекнато во т.н. неформално образование, кое не е врзано за образовните институции.

Овде е потребно да потенцираме дека постои директна врска меѓу неформалното и формалното образование која особено се протежира од страна на ЕУ и другите земји со развиена пазарна економија. Кај земјите во транзиција, неформалното образование не е на посакуваното ниво и тоа е предизвик за нова дејност на високообразовните институции.

### 4. Образованието како потрошувачка и инвестиција

Од економски аспект, образованието може да се смета истовремено и како потрошувачка и како инвестиција. Потрошувачката компонента се огледа низ сатисфакциите, вон економските ефекти сврзани со процесот на школување. Инвестиционата компонента се огледа низ идното зголемување на доходот на поединецот.

Како и да е, проблемот на алокација на издатоците за образование меѓу потрошувачката и инвестициите, на крајот се сведува на проблемот на мерење на ефектите и придонесот на образованието врз зголемувањето на идниот национален доход и доходот на поединецот, односно влијанието на образованието врз економскиот и човечкиот развој.

Ако образованието го третираме како инвестиција, тогаш е битно да го измериме неговиот придонес врз економскиот и човечкиот развој.

### 5. Образованието и економскиот развој

Образованието претставува еден од облиците преку кој се стекнува човечкиот капитал-знаењата, како и еден од облиците кој создава услуги кои имаат вредност за економијата. Оттука произлегува и заклучокот дека определен пораст на националниот доход е резултат од порастот на човечкиот капитал, стекнат преку образованието.

Значи, образованието предизвикува пораст на продуктивноста на трудот што резултира со можност за адаптација на работникот кон новите технологии кои се двигатели на економскиот развој.

Истражувањата извршени во развиените земји, покажаа дека, во националните сметки со резидуалниот фактор се објаснува половина или поголем дел од развојот на модерните економии.

Се поставува прашањето: на што се должи тоа напредување, каде е НИР во тој процес?

Каде се Универзитетските истражувачки центри кои создадоа врвна технологија?

Затоа било неопходно класичните фактори на развојот повторно да се дефинираат за да ги опфатаат промените од квантитативен и од квалитативен аспект.

Притоа, образованието го зазело местото на еден од основните и најдинамичните фактори на економскиот развој.

Ако бараме врска меѓу образованието и економскиот растеж би требало да воведеме три различни сразмери:

1. сразмер образование - труд, кој го покажува опсегот на човечките напори инкорпорирани во образованието во однос на вкупната работна сила,
2. сразмер образование - доход, кој ги покажува односите меѓу ресурсите кои се трошат за образование и доходите на потрошувачите,
3. сразмер образование - инвестиции, кој го покажува односот меѓу ресурсите кои се употребени за образование и оние што се употребени за создавање материјални добра со човечки труд.

Приносите од инвестициите во знаење, т.е. во човечкиот капитал, се далеку поголеми отколку оние коишто ги дава физичкиот капитал.

Ползата од образованието, покрај работникот кој инвестирал во порастот на сопствениот човечки капитал, има и преливен ефект (spillover effect) врз останатите работници во фирмата, како во поглед на зголемувањето на нивната продуктивност, така и во поглед на порастот на нивните плати.

Истото важи и за прелевањето на ефектите меѓу фирмите, или меѓу националните економии.

Порастот на продуктивноста на трудот, како резултат на порастот на количество на човечки капитал (знаењата), бил предмет на многу микроекономски анализи, но со појавата на новата теорија на економскиот растеж (new growth theory), образовните инвестиции попримаат сè позначаен макроекономски третман,

Новата теорија на економскиот растеж го посматра образованието како факторски инпут со екстерни ефекти, кој може многу да влијае врз порастот на економијата.

Во новата теорија на економскиот растеж влијанието на образованието најчесто се споменува кај следниве два механизма:

1. Механизам образование - истражувачки активности, каде што образованието е битно за производство на научници и инженери кои имаат директна врска со истражувачките активности, и како резултат на тоа придонесуваат за пораст на продуктивноста.

2. Механизам образование - човечки капитал, каде што образованието е битно во однос на создавањето на човечки капитал, кој пак директно придонесува за порастот на нивото на акумулираното знаење, а преку него и пораст на продуктивноста.

Емпириските истражувања од областа на образовните бенефити кај земјите во транзиција сè уште се скромни и ограничени.

При објаснувањето на растежот на БДП, докажано е, дека акумулацијата на човечкиот капитал е три до четири пати позначајна од акумулацијата на неквалификуваниот труд, додека растежот на вкупната факторска продуктивност е силно определен со иницијалното ниво на човечкиот капитал.

Притоа, резултатите за високообразовните квалификации покажале дека тие приближно тројно повеќе придонесуваат за пораст на продуктивноста, во споредба со работниците без квалификации.

## 6. Cost-benefit анализа - критериум за оценување hA економската ефикасност на инвестициите во образованието

Заради рационално искористување на средствата кои се издвојуваат за образование, се наметнува потребата од оценка на економската ефикасност на „образовните инвестиции", како форма на инвестиции во човечки капитал-знаење.

Економската cost-benefit анализа има примарна задача да ги „храни" со информации за општествените преференции главно државните институции, влијаејќи притоа врз политичките одлуки.

Бидејќи државата исто како и поединецот, располага со лимитирани средства, се јавува потребата од нивно рационално искористување.

На државата ѝ стојат на располагање неколку алтернативи каде што би можела да ги вложи своите средства: во образованието, во здравството, во одбраната, или во други сектори од економијата. За да може да изврши адекватен избор меѓу инвестиционите алтернативи, државата приоѓа кон оценка на нивната ефикасност.

Притоа, доколку се покаже дека ефикасност на инвестициите во образованието е поголема отколку ефикасноста на алтернативните инвестиции (инвестициите во другите дејности), тоа е показател за државата дека во образованието е инвестирано многу малку, а економски е пооправдано да се инвестира повеќе.

Тоа е и клучната улога на модерниот универзитетски менаџмент, во земјите во транзиција, кој треба постојано да ја докажува исплатливоста на инвестициите во образованието, пред Владите и пред бизнис

заедницата. Да докажува дека образованието не е потрошувач и товар на државата, како што бевме научени да слушаме во социјализмот, туку напротив дека знаењето кое го создава универзитетот е првокласен и најскап развоен ресурс и економски фактор.

Тоа навреме го сфатија високоразвиените држави.

Во образованието, примената на cost - benefit анализата се базира врз концептот на човечкиот капитал. Евалуацијата на ефикасноста на инвестициите во образованието се сведува на оценка на нето приливите како разлика меѓу реалните трошоци и ползата од образованието.

## Трошоци (costs)

Вкупните трошоци за образование, покрај директните расходи коишто општеството ги издвојува за покривање на т.н. тековни потреби на образованието, ги опфаќаат и сите останати вложувања во образованието, и тоа без разлика дали се директни или индиректни, и дали како инвеститор се јавува државата, компаниите или пак поединецот (семејството).

Значи, за да ја определиме вкупната сума на реалните трошоци за образование, претходно треба да ги определиме големините на трите основни категории трошоци за образование:

- Директните расходи, трошоци на државата и компаниите,
- Индивидуалните трошоци,
- Опортунитетните трошоци.

Директните трошоци на општеството ја овозможуваат тековната активност на образованието како дејност.

Тие најчесто се искажуваат како процент од националниот доход на државата.

Индивидуалните трошоци за образование се дел од вкупните трошоци за образование, кои паѓаат на товар на студентот (семејството).

Тие по својата природа се директни трошоци. Од нивното процентуално учество во вкупните трошоци зависи степенот на оптовареноста на буџетот на семејството на студентот/ученикот.

Опортунитетните трошоци, претставуваат реални трошоци кои ја изразуваат вредноста на пропуштената алтернатива, заради одредена сегашна активност.

Во образованието, опортунитетните трошоци ја претставуваат пропуштената алтернатива на студентот/ученикот за време на неговото школување да стекне определен приход.

За општеството, овие реални трошоци претставуваат инвестиции во сегашноста кои својот ефект ќе го дадат во иднината.

**Користи** (benefits)

Како резултат на вложувањата во образованието, поединецот, односно општеството, по истекот на определен временски период може да очекува определена корист.

- Користи кои ја зголемуваат продуктивноста на трудот,
- Користи кои ја зголемуваат можноста за вработување,
- Користи кои го зголемува животниот стандард на луѓето,
- Користи од промена на општествената положба на поединецот.

Значи, ползата од образованието може да биде директна и индиректна.

Бидејќи повисокото ниво на образование создава поголема корист (ефект) за поединецот, расте и потребата за нови знаења, што индиректно имплицира развој на образовната дејност, при што универзитетите ја имаат клучната улога.

## 7. Мерење на човечкиот капитал

Човечкиот капитал како композитна (агрегатна) категорија, освен преку формалното образование може да се стекне и преку обуката на работното место (неформалното образование), како и преку подобрата здравствена заштита на поединците.

Човечкиот капитал го претставува производствениот капацитет на поединецот.

Затоа, човечкиот капитал и неговите квалитативни карактеристики, како што се степенот на образованието, знаењето, умешноста, квалификациите, обуките и сл. мора да се мери индиректно, користејќи ги пазарните вредности по кои може да се изнајми.

Сè додека дисконтираната сегашна вредност на човечкиот капитал ги надминува трошоците за неговото стекнување, инвестирањето во човечкиот капитал е исплатливо. Бидејќи состојбата во земјите во транзиција е таква, инвестициите во образованието и на универзитетите се исплатлива цел и за поединците и за државата и за претприемачите.

Ова секако не значи дека концептот на човечкиот развој сугерира да не се инвестира во повисоките нивоа на образование-постдипломски,

магистерски и докторски студии. Напротив, тие се неопходни за модерната економија, на која ѝ требаат нови технологии, нови материјали и концентрирано знаење во високодоходни добра и услуги, а тоа всушност е новата шанса за современиот универзитет, кој ги создава тие добра.

Може да се констатира дека човечкиот капитал влијае врз економскиот развој како резултат на следниве три причини:

1. Способноста да се шири со брзо темпо во сите сегменти на економијата,
2. Високата стапка на поврат од инвестициите во човечкиот капитал на општествено ниво - што е битно за динамиката на економскиот растеж,
3. Комплементарноста со физичкиот и природниот капитал.

Имено, форсирањето на инвестициите во човечкиот капитал во економијата, по правило, резултира со подобра искористеност на физичкиот капитал и со поефикасна експлоатација на природниот капитал. Тоа на економијата ѝ овозможува да врши успешна алокација и супституција на различните форми на капитал, со цел да постигне одржлив развој.

Постојат повеќе истражувања кои покажуваат дека статистичката корелација меѓу БДП (бруто-домашен производ) per capita и човечкиот развој е директно определена од растежот на делот од БДП кој е наменет за инвестиции во човечки капитал.

Бенефитите за човечкиот развој ги оправдуваат следниве аргументи:

- Повисокото ниво на образование, обука и компјутерска писменост на населението, ја намалува сиромаштијата,
- Образованието промовира еднакви можности за сите граѓани,
- Пристапот до информациите преку електронските мрежи (компјутерската писменост) на луѓето им овозможува поефикасна партиципација на сите општествени нивоа,
- Подобро образованите поединци се покорисни, како за општествата, така и за семејствата и тоа, пред сѐ, во поглед на нивниот придонес кон благосостојбата на идните генерации,
- Вештините развиени преку ефективната обука влијаат врз намалување на невработеноста, а со тоа и врз намалување на потребата од државно субвенционирање и социјални програми, кои го оптоваруваат буџетот на државата,
- Образованието ги зацврстува демократските вредности и политичката стабилност во државата,

- Образованието ги зголемува стандардите на граѓанската одговорност,
- Образованието ја стимулира политичката партиципација и влијае врз намалување на корупцијата и стимулирањето на транспарентноста, итн.

Следните аргументи ја оправдуваат користа за економскиот развој:

- Добро образуваната работна сила ги привлекува странските и локалните инвестиции,
- Развојот на човечкиот капитал значи развој на интензивните индустрии и услужниот сектор во економијата кој е најпрофитабилен,
- Образованието резултира со пораст на животниот стандард на населението, што пак ја стимулира побарувачката за добра и услуги и надворешната трговија,
- Обуката на работниците и менаџерите ја зголемува профитабилноста на фирмите и националната економија како целина итн.

## 8. Вложувања за стекнување на индивидуален човечки капитал во знаење на УКИМ

а) Индивидуални трошоци

Човекот постојано има потреба за донесување на одлука за употреба на средствата со кои располага. Затоа, тој е принуден да одлучи: во што ќе инвестира? колку ќе инвестира? и зошто ќе инвестира?, како и да одлучи да инвестира таму каде што очекуваната корист/добивка од вложените средства е најголема.

Според оваа истражување, на примерок од 8% од студентската популација, вложувањето за образование од страна на индивидуите, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) просечно изнесувало околу 233.200 ден. или 3.792 евра. Трошокот на државата по дипломиран студент во овој период изнесува 556.762 ден. или 9.050 евра. Во земјите членки на ЕУ 37,1% од БДП по глава се троши по студент во високото образование, 43,9% во Јапонија и во САД 57,8%. Доколку трошоците на високото образовно ниво, во нашата држава, се разделат по функција, тие во просек годишно изнесуваат 5.849,5 евра, или 29.245 евра по дипломиран студент.

Доколку се применат овие стандарди, Р. Македонија треба да издвојува над 1.200 евра по студент, наместо сегашните 900 евра.

На примерот за Скопскиот Универзитет државата годишно обезбедува помалку 15.000.000 евра во однос на просеците во други држави.

б) Опортунитетни трошоци

При стекнувањето на индивидуален капитал во знаење, опортунитетните трошоци ја искажуваат вредноста на пропуштената алтернатива, а тоа е дали индивидуите да се вработат со знаењето стекнато во средното образование и да заработуваат помала сума пари, или да продолжат со стекнување знаења на Универзитетот.

Дали тоа им се исплати ?

Според овие анализи опортунитетните трошоци за периодот додека студираат би изнесувале приближно 774.000 ден. или 12.585 евра.

Збирно, директните, индивидуалните и опортунитетните трошоци. би изнесувале 25.270 евра.

## 9. Улогата на универзитетите во создавање на човечкиот капитал во знаење

Крајот на дваесеттиот век, доведе до промени на положбата и улогата на универзитетот во согласност со:

- глобализациските промени,
- промените на пазарот на трудот,
- барањата од општествената средина.

Дваесет и првиот век, познат како век на знаењето, имплицира дека знаењето е третирано како капитал, односно како интелектуална своина на поединецот која има одредена цена на пазарот на трудот.

Знаењето повеќе не се третира како потрошувачка, туку напротив знаењето е рентабилна инвестиција на поединецот, односно тоа е капитал во знаење со кој располага поединецот и кое никој не може да му го одземе.

Затоа, неопходно е да прифатиме дека општеството засновано врз знаење истовремено е и општество на перманентно учење.

Образованието во целина, а со тоа и високото образование мора да биде сфатено во еден поширок контекст.

Оваа мисија на универзитетите, која се состои во создавање на човечки капитал во форма на каптирано знаење оди во оваа насока:

- да обезбедат можности за квалитетно образование и за учење во текот на целиот живот, бидејќи образованието има витална улога во формирање знаење засновано врз развојот на економијата и демократското општество,
- да произведуваат, селектираат, прилагодуваат, комерцијализираат и да ги користат знаењата, што се покажува како критичен фактор за одржување на економскиот раст, развој и за подобрување на животниот стандард,
- да воспостават рамнотежа меѓу барањата во општеството, академските и стручните образовни профили и пазарот на трудот, преку размена на мислењата со работодавачите и целокупната општествена заедница,
- вниманието да се насочи на образовните резултати, во смисла на прецизирање на тоа што студентите ќе бидат во состојба да го разберат и применат по завршувањето на студиите,
- да се модифицираат наставните планови и програми каде ќе бидат јасно истакнати компетенциите и вештините со кои студентите ќе се здобијат по дипломирањето,
- да го развијат критичкото мислење и креативноста кај студентите,
- да им помогнат на студентите да ги развијат потребните вештини, разбирања и способности. Ако се очекува дека во иднина ќе има само три вида на работа: идентификација на проблемот, решавање на проблемот и размена на идеи, тогаш универзитетот мора да ги подготви студентите за таков вид работа,
- да унапреди, создаде и дисеминира знаења преку развивање на научни и технолошки истражувања во техничките, природно-математичките, биотехничките, уметничките, медицинските и општествените науки,
- да се воспостави современа организациска структура и современ менаџмент за да универзитетите го најдат своето место на пазарот на знаења,
- да креираат стимулативна средина за своите вработени, овозможувајќи им развој на нивните способности, со цел за исполнување на неговата мисија.

## 10. Заклучок

1. Современата економска теорија денес, човечкиот капитал го издига високо на пиедесталот на факторите на развојот без кој нема просперитетна развиена функционална пазарна економија која е потребна на секоја држава и на секој нејзин граѓанин. Земјите во транзиција доцнат 3-4 децении во теоретското разјаснување и правилното лоцирање на овој првокласен ресурс без кој едноставно нема прогрес.
2. Универзитетите денес се најповиканите, најкомпетентните и најодговорните во создавањето, обликувањето, претставувањето, постојаното надградување и создавањето на амбиент за правилно вреднување на човечките ресурси и на човечкиот капитал, во чие создавање тој целосно се вложил. Само современ универзитет кој успева да создава посакувани човечки ресурси кои се прифатени од пазарот на трудот и кој успева да ја убеди и државата и бизнис заедницата и поединецот дека, најисплатлива инвестиција е токму онаа во човечкиот капитал и кој успева да ги обезбеди тие инвестиции, е успешен универзитет.
3. Потребна е анализа и вреднување на сите фактори кои придонесуваат за стекнување на индивидуален капитал во знаење и да се утврдат начини за нивно финансирање.
4. Државното финансирање треба да обезбеди еднакви услови за образование на сите граѓани. Степенот на субвенционирање кој што се нуди на студентите преку стипендии, кредити, сместување, храна и сл. треба да биде во функција на постигнување на посакуваниот баланс помеѓу ефикасноста и еднаквоста на граѓаните за стекнување на индивидуален капитал во знаење.
5. Пазарот на трудот нема да се повикува на правото на образование на граѓаните, туку ќе преферира квалитет, ефикасност и употребливост на знаењето. Затоа, државата мора да се јавува како главен арбитер меѓу пазарот на трудот и создавање амбиент за стекнување на квалитетно знаење кое ќе се нуди на пазарот.
6. Трансмисијата на сигналите од пазарот на трудот преку образовниот систем и кон идните консументи на образовните услуги, треба постојано да се истражува.

## Литература


Атанасовски, Ж., 2004. *Јавни финансии,* Скопје: Економски факултет.

Audretsch, D., 2007. *Entrepreneurship Capital and economic growth*, Oxford University Press, Oxford Review of Economic Policy, Volume 23, Number 1.

Бојаџиоски, Д., Блажеска, О., 2003. *Економика на претпријатие,* Скопје: Економски факултет.

Dalle, F., Bounine, J., 1993. *L'Education en entreprise-Contre le chomage des jeunes,* Paris: Editions Odile Jacob.

*Економика и управување на образованието*, 1991. Софија: ИИИО.

Фити, Т., 2001. *Современите макроекономски концепции и економските политики,* Скопје, Економски факултет.

Гоцевски, Т., 1994. *Пазарната економија и економското образование на педагошките кадри,* Скопје, Годишен зборник на Филозофски факултет.

Гоцевски, Т., 1994. *Новите тенденции на пазарот на трудот и идните занимања*, Струга, Зборник на трудови.

Гоцевски, Т., 2002. *Политички и економски систем,* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

Гоцевски, Т., 2009. *Економика на образованието,* Куманово: Македонска Ризница.

Гоцевски, Т., 2008. *Образовен менаџмент,* Скопје: Филозофски факултет.

Gravot, P., 1993. *Ekonomika na edukacijata,* Paris: Ekonomika.

IT Governances Institute, 2005. *Governances of the Extended Enterprise,* Bridging Business and it Strategies, Canada: John Wiley & Sons.

Јанкоски, Д., 2002. *Организација на образованието,* Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски"-Педагошки факултет.

Liikanen, E., 2002. *Helping businesses grow,* Luxembourg: European Communities.

Марковска, В., 1995. *Економската наука и макроекономската политика со осврт на цените,* Скопје: Економски факултет.

Марковски, С., Недев, Б., 1995. *Сметководство на деловниот менаџмент,* Скопје: Економски факултет.

Несторовски, М., 2003. *Инвестиционен менаџмент,* Скопје: Економски факултет.

Петров, Н., 1992. *Образованието и оспособувањето на воспитно-образовните кадри,* Скопје: Просветно дело, бр. 4.

Петров, Н., 1994. *Проекција на развојот на образованието,* Скопје: Просветно Дело.

Симеонов, И., 1995. *Основи на организацията и управлението во училището в прехода към пазарна икономия,* София: Университетско издателство.

Спасов, С., Арсов, С., 2004. *Финансиски менаџмент,* Скопје: Економски факултет.

Стојановић, Р., 1970. *Велики економски систем,* Београд: Институт за економска истраживања.

Стојков, М., 2002. *Развој на економската мисла,* Скопје: Економски факултет.

Шуклев, Б., 1986. *Економско предвидување,* Скопје: Економски центар.

Шуклев, Б., 1995. *Економската наука и менаџментот,* Скопје: Економски факултет.

Узунов, Н., 1995. *Посебната улога на економската наука,* Скопје: Економски факултет.

Trajan GOCEVSKI

# PARADIGM OF HUMAN CAPITAL IN TRANSITION COUNTRIES AND THE ROLE OF THE UNIVERSITY IN ITS CREATION


## Abstract

Twenty first century, is known like a century for knowledge, implicate that knowledge has been threaded like capital, i.e. like individual intellectual capital that have particular price on the labor market.

Actually, the concept of human capital, as a knowledge, in west economies started somewhere in the middle of sixteen years, but in the countries that are in transition, even after collapse of socialism.

Today, the modern economical theory, elevate the human capital at the top of the pedestal of development factors, who will contribute to development market economy, that is need for every country and every citizen. The growth of the people's products capability have a big influence of economy growth. So, the human capital is growing in educational system and also grow its contribution for economic development. The educational system directly influence on economic development in the countries.

Universities today should permanently confirm the profitability of investments in education, in front of the government's and the local communities. To confirm that the education is not expense and country's imposition, but on the contrary, the knowledge that creates universities is the most expensive developmental resorts and economic factor.


**Key words:** HUMAN CAPITAL, RESORTS, EDUCATION (KNOWLEDGE), INVESTMENT, IMPOSITION, COST-BENEFIT ANALYSE.